Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 445/2022
Дата.10.-03-.2022..

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Ресен, се издаваат Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана (поставување на фото-напонски панели на земја) на КП 1321/2, КО Златари, Општина Ресен.

Предвидените фотонапонски панели се со моќност до 1MW и зафаќа[...] површина од 1,9 ha.

Локацијата се наоѓа во граници на Просторниот план за Охрид[...] Преспански регион.

**Видот на планската документација да се усогласи со Закон[...] урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да представуваа[...] параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на [...] концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето н[...] во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторн[...] Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанск[...]**

2. Условите за планирање на просторо т од точка 1 [...] з[...] изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. [...] п[...] дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изгра[...] електрана (поставување на фото-напонски панели на [...] Златари, Општина Ресен, содржат општи и посебни одр[...]


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jete[...]
e Republikës së Maqedonisë s[...]
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shk[...]
Republika e Maqedonisë së Veriut

заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на фотоволтаична електрана (поставување на фото-напонски панели на земја) на КП 1321/2, КО Златари, Општина Ресен потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на **планската документација за изградба на фотоволтаична електрана (поставување на фото-напонски панели на земја) на КП 1321/2, КО Златари, Општина Ресен** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18)

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **изградба на фотоволтаична електрана (поставување на фото-напонски панели на земја) на КП 1321/2, КО Златари, Општина Ресен**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Ресен**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 40789 од 04.02.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана (поставување на фото-напонски панели на земја) на КП 1321/2, КО Златари, Општина Ресен. Предвидените фотонапонски панели се со моќност до 1MW и зафаќаат површина од 1,9 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана (поставување на фото-напонски панели на земја) на КП 1321/2, КО Златари, Општина Ресен и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 445/2022 од 07.03.2022 година.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана (поставување на фото-напонски панели на земја) на КП 1321/2, КО Златари, Општина Ресен и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk